Врз основа на член 14 став 4 и член 34 став 1 пд Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ“ број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 14/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на РСМ“ број 174/21), член 81 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Щтип“ брпј 16/13) и член 21 став 1 точка 12 пд Статутпт на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 9 декември 2025 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА**

## 1. ОПШТ ДЕЛ

Програмата за одржување на локалните патишта и улици во Општина Штип за 2026 година е изготвена согласно реалните потреби за одржување на локалната патна мрежа и градските улици во Општина Штип и истата е проектирана во висина од 63.000.000 денари ,со можност за нејзино проширување.

## 1.1 ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Цел на програмата е превземање на активности за одржување во функционална состојба на магистрални, собирни, сервисни и станбени улици во надлежност на Општина Штип за безбедно одвивање на сообраќајот.

## 1.2 ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма е превземање на активности кои се однесуваат на редовно, периодично и интервентно одржување на магистрални, собирни, сервисни и станбени улици во надлежност на Општина Штип во текот на 2026 година.

## 1.3 ОБЕМ И ДИНАМИКА НА АКТИВНОСТИ

Одржувањето на сообрќајниците опфаќа:
**а) Обем**

- работи на редовно одржување со кои сообраќајниците континуирано се одржуваат во функционална состојба , како и тротоарите, велосипедските и пешачките патеки, паркинзите и јавните рекреативни површини на магистрални и собирни улици за безбедно одвивање на сообраќајот,

- работи на периодично одржување кои повремено се превземаат за продолжување на животнот век на патната инфраструктура,

- работи на интервентно одржување за остранување на оштетувања настанати од непредвидени настани за обезбедување на непречен и безбеден сообраќај на магистрални и собирни улици,

- редовно следење на состојбите на коловозите, велосипедските и пешачките патеки, тротоарите, паркинзите и јавните рекреативни површини на магистрални и собирни улици,

- констаирање на оштетувња и навремено преземње на мерки и активности за нивно саниеање со поправка на ударни дупки и санација на прекопи,

- одржување на заштитни огради и столбчиња, за безбедно одвивање на сообраќајот и заштита на сите учесници во сообраќајот потребно е редовно одржување во функционална состојба на заштитните огради и столбчиња за кои се преземаат следните работни активности: демонтажа- вадење на оштетена ограда, поставување на нова , поправка на оградата на лице место и фарбање на оградата.

- одржување на атмосферска канализација ги опфаќа следните активности:
  редовно чистење на уличните сливници, отворените бетонски и змјани канали за атмосферска вода со утовар и траспор на материјалот во депонија,

**б) Динамика**

Динамиката на одржување на сообраќајниците ќе се утврдува секој месец во годината со оперативен план на приоритети утврдени од Ј.П.Стипион 2011 и налог за работни активности и задачи претходно доставени од Оделението за комунални работи патишта и сообраќај во Општина Штип.

## 2. ПЛАНИРАНИ ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

| Ред.бр. | Опис | Вкупно во денари |
|---|---|---|
| А. | **Извори на средства** | |
| 1. | Средства од Агенцијата за државни патишта | 9.000.000 |
| 2. | Средства од буџетот на Општина Штип | 54.000.000 |
| | **Се Вкупно** | **63.000.000** |

## 3. ПЛАНИРАНА РАСПРЕДЕЛБА НА ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВА ЗА АКТИВНОСТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ

| Ред.бр. | Опис | Вкупно во денари |
|---|---|---|
| Б. | **Редовно одржување на локалните патишта и улици:** | |
| 1. | 1.Крпење на ударни дупки со топла асфалтна маса<br>2.Крпење на ударни дупки со камена коцка<br>3.Крпење на ударни дупки со бетон<br>4.Обележување на хоризонтална сигнализација<br>5.Обележување на вертикална сигнализација<br>6.Одржување на семафорска сигнализација<br>7.Одржување (реконструкција) и чистење на атмосферската канализација (замена на улични сливници и тиролски решетки,поправка на ревизиони шахти) | |

| | | |
|---|---|---|
| | 8.Чистење на одрони и наноси<br>9. Чистење на отворени бетонски канали<br>10.Чистење на отворени земјани канали<br>11. Одржување и поствување на метални бетонски огради<br>12. Одржување и поправка на банкини ,канали, канафки, потпорни и обложни ѕидови и заштита на косини со поставување на заштитна мрежа<br>13.Одржување на спортски игралишта<br>14.Одржување на детски игралишта | 54.000.000 |
| В. | **Зимско одржување на локалните патишта и улици:** | |
| 2. | 1.Крпење на ударни дупки со топла асфалтна маса.<br>2.Набавка на абразивни средства (сол и сепариран песок).<br>3.Трошоци за механизација и работна рака на зимска служба. | 9.000.000 |
| | **Се Вкупно** | **63.000.000** |

Врз основа на претходно истакнатото и во зависност од приливот на средствата од Буџетот на Општина Штип, можни се измени и дополнувања на предвидените активности со оваа програма.

**4. Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Одделението за комунални дејности во Општина Штип, а реализацијата на истата ја врши ЈП Стипион 2011 Штип задолжен за одржување на сообраќајниците во Општина Штип.

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина штип , а ќе се применува се до донесувањето на Програмата за одржување на локалните патишта и улици во Општина Штип за 2027 година.

Број 08 – 8240/1
9 декември 2025 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова